**СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ЗА ТЕСТ НА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО**

**ТРГОВСКО ПРАВО**

**Студија на случај бр. 1**

До Основен суд Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.95 ДООЕЛ Неготино поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Ј.П.Т . Скопје

Со решение СТ.бр.11/17 од 27.08.2017 год . поведена е преходна постапка за испитување на услови за отварање на стечајна постапка над должникот и закажано е рочиште поради изјаснување по предлогот за ден 26.09.2017 год.

Со писмен поднесок од 02.09.2017 год. предлагачот -доверител го известил судот дека предлогот за отварање на стечајна постапка го повлекува .

1.Каква одлука ќе донесе стечајниот судија ?

2. По предлогот за отварање на стечајна постапка ,надлежен да одлучува е судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на

3.Стечајната постапка се поведува на предлог на:

**Студија на случај бр. 2**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден , заедно со него се поднесени сите потребни докази

Кон предлогот не е приложен доказ за уплатен аванс на трошоци за претходната постапка

1. Каква одлука ќе се донесе стечајниот судија во конкретниот случај**:**

2. Авансот на трошоците за претходната постапка треба да го плати

3. Против решението за определување на аванс на трошоците за претходната постапка

**Студија на случај бр. 3**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден , заедно со него се поднесени сите потребни докази

Кон предлогот не е приложен доказ за уплатен аванс на трошоци за претходната постапка

1. Кој го определува авансот на трошоци на претходна постапка ?

2..Каква одлука ќе се донесе во конкретниот случај ?

3. Ако во рокот определен од судот, предлагачот не го уплати авансот на трошоците за претходната постапка ,стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе:

**Студија на случај бр. 4**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден , заедно со него се поднесени сите потребни докази

Кон предлогот не е приложен доказ за уплатен аванс на трошоци за претходната постапка

1. Надлежен суд да одлучува по предлогот за отварање на стечајна постапка е

2. Кој го определува авансот на трошоци на претходна постапка :

3..Каква одлука ќе се донесе во конкретниот случај?

**Студија на случај бр. 5**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Фонд ... од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

По прием на предлогот стечајниот судија донел решение со кое го вратил предлогот за отворање на стечајна постапка на предлагачот -доверител да го уреди , така што го задолжил во рок од 8 дена од приемот на решението да достави :

- потврда од Централниот регистар на РМ дека во период од 45 дена од било која сметка на должникот ,кај кој било носител на платниот промет не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

1. Против решението за уредување на предлогот за отварање на стечајна постапка

2. Доколку предлагачот –доверител во рок од 8 дена од приемот на решението не го уреди предлогот стечајниот судија ќе

3..Стечајниот судија по предлогот кој не е уреден во определениот рок ќе одлучи со

**Студија на случај бр. 6**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Фонд ... од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Стечајниот судија го вратил предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот , на предлагачот -доверител , да го уреди така што го задолжил во рок од 8 дена од приемот на решението да достави :

- потврда од Централниот регистар на РМ дека во период од 45 дена од било која сметка на должникот ,кај кој било носител на платниот промет не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање
,

1. Доколку предлагачот –доверител во рок од 8 дена од приемот на решението не го уреди предлогот стечајниот судија ќе

2..Стечајниот судија по предлогот кој не е уреден ќе одлучи со

3. Со потврда издадена од Централниот регистар се докажува дека стечајниот должник е

**Студија на случај бр. 7**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден , заедно со него се поднесени сите потребни докази помеѓу кои и потврда издадена од Централниот регистар на РМ .

Кон предлогот е приложен доказ за уплатен аванс на трошоци за претходната постапка

1.Стечајниот судија ќе одлучи по предлогот со

2. Со потврда издадена од Централниот регистар приложена како доказ кон предлогот се докажува дека стечајниот должник е

3. Стечајниот судија во овој случај ќе

**Студија на случај бр. 8**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден , заедно со него се поднесени сите потребни докази

Кон предлогот е приложен доказ за уплатен аванс на трошоци за претходната постапка

1.Стечајна постапка се спроведува над имот на :

2..Стечајниот судија ќе одлучи по предлогот со

3. Стечајниот судија во овој случај ќе донесе

**Студија на случај бр. 9**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник наведува дека должникот е неликвиден , неспособен за намирување на доспеаните обврски кон доверителите ,а жиро сметките му се блокирани повеќе од 45 дена. Должникот има недвижен имот од којшто може да се формира стечајна маса за намирување на побарувањата на доверителите . Предлага да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

1.Стечајниот судија во конкретниот случај ќе донесе:

2.Со решение за отварање на стечајна постапка стечајниот судија

3. Со решението за отварање на стечајна постапка стечајниот судија ќе закаже

**Студија на случај бр. 10**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник наведува дека должникот е неликвиден , неспособен за намирување на доспеаните обврски кон доверителите ,а жиро сметките му се блокирани повеќе од 45 дена. Должникот има недвижен имот од

којшто може да се формира стечајна маса за намирување на побарувањата на доверителите . Предлага да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

Стечајниот судија донел: решение за отварање на стечајна постапка

1.Цел на стечајната постапка е

2. За отварање на стечјната постапка доверителите се известуваат со

3..По жалба против решение за отварање на стечајна постапка одлучува

**Студија на случај бр. 11**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник предложил да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

Стечајниот судија донел: решение за отварање на стечајна постапка .

Стечајните доверители побарувањата кои ги имаат спрема стечајниот должник писмено ги пријавиле во законски определниот рок . Стечајниот судија донел решение во кое се наведуваат доверителите на кои им е утврдено побарувањето и во кој износ и доверителите на кои им е оспорено побарувањето и во кој износ

1. Пријавените побарувања на стечајните доверители

2. Доверителот чие побарување е оспорено со решението на стечајниот судија за утврдени – оспорени побарувања

3.Споровите кои ќе настанат во врска со утврдување на оспорените побарувања, како и за побивање на правни дејства во стечајната постапка ги суди

**Студија на случај бр. 12**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник предложил да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

Стечајниот судија донел: решение за отварање на стечајна постапка.
Стечајните доверители побарувањата кои ги имаат спрема стечајниот должник писмено ги пријавиле во законски определниот рок. Стечајниот судија донел решение во кое се наведуваат доверителите на кои им е утврдено побарувањето и во кој износ и доверителите на кои им е оспорено побарувањето и во кој износ.

1. Доверител на стечајна маса е
2. Излачен доверител е
3. Разлачни доверители се

**Студија на случај бр. 13**

До Основен суд Велес од страна на предлагачот –должник МН ДООЕЛ од Велес поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот

Со решение од 22.05.2017 година судот повел претходна постапка над стечајниот должник, закажал рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајна постапка за ден 20.06.2013 година и го задолжи привремениот стечаен управник да достави писмен извештај за финансиско-економската состојба на должникот.

Во предлогот и на одржаното рочиште предлагачот-должник,предлага стечајната постапка над имотот на должникот да се отвори и истата поради немање имот да не се спроведува да се заклучи поради тешката финасиска состојба на должникот и неможност да ја обавува својата дејност и да ги исполнува обврските спрема Фондовите,УЈП и Опшината.Должникот активно не работи подолг временски период,не остварува приходи,нема ненаплатени побарувања и права,нема движен и недвижен имот,нема во сопственост хартии од вредност,нема можност да продолжи со рентабилно работење,не може да ги намири втасаните тековни обврски.Го прифаќа во целост извештајот на привремениот стечаен управник.

Привремениот стечаен управник предлага стечајната постапка над имотот на должникот да се отвори и истата поради немање имот да не се спроведува да се заклучи од причина што должникот нема имот

1. Каква одлука ќе донесе стечајниот судија
2. По правосилноста на решението на стечајниот судија со кое се отвора стечајна постапка и истата поради немање имот се заклучува - не се спроведува
3. Со решение за поведување на претходна постапка, стечајниот судија ќе закаже

**Студија на случај бр. 14**

Над должникот е отворена стечајна постапка

Собранието на доверители на стечајниот должник на ден 29.01.2017 год.одлучило деловниот потфат на должникот да биде затворен (ликвидиран) преку впаричување на побарувањата на должникот .

По отварање на стечајната постапка ненаплатените побарувања на должникот од должниковите должници се наплатени. На сметката на стечајниот должник има салдо во вкупен износ од 816.356,00 денари .

Стечајниот управник изготвил План за конечна распределба, Завршен извештај и Завршна сметка, истите ги доставил до единствениот доверител на согласност и по добиената согласност на ден 10.06.2017 год. ги доставил до стечајниот судија кој ги објавил на огласна табла на судот .

Приговор на Планот за конечна распределба на паричните средства и на, Завршниот извештај и Завршната сметка не е поднесен.

На завршното собрание за усвојување на Завршниот извештај и Завршната сметка и за потврдување на предлог планот за конечна распределба на средствата и начинот на нивната исплата гласал- присутниот доверител со утврдено побарувања со мнозинство гласови од 100 %

1. Каква одлука ќе донесе стечајниот судија

2.Намирувањето на стечајните доверители се врши преку

3. Веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, и на другиот имот на должникот, стечајниот судија ќе донесе

**Студија на случај бр. 15**

До Основен суд Скопје II Скопје од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Скопје поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Скопје

Над должникот е отворена стечајна постапка

1. Орган на стечајната постапка е

2.Стечајната постапка е

3. За приговорите на стечајниот управник против донесените заклучоци на стечајниот судија во отворената стечајна постапка одлучува

**Студија на случај бр. 16**

До Основен суд Прилеп од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Прилеп, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Прилеп

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник предложил да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

Стечајниот судија донел решение за отварање на стечајна постапка со кое именувал стечаен управник .

1. Наградата и надоместокот на трошоци на стечајниот управник во отворената стечајна постапка ги определува

2. Стечајниот управник е

3. За работите кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса Стечајниот управник е

**Студија на случај бр. 17**

До Основен суд Прилеп од страна на предлагачот –доверител Д.Д Д ДООЕЛ од Прилеп, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот ДПТУ Т.Т..Т од Прилеп

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник предложил да се отвори стечајна постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка. Должникот е сосптвеник на недвижен имот .

Должникот се согласил со предлогот.

Стечајниот судија донел: решение за отварање на стечајна постапка со кое именувал стечаен управник.

1. Во отворена стечајна постапка Собранието на доверители одлуките ги донесува со

2. Продажбата на имотот на стечајниот должник се врши по пат на

3. Кога се врши продажба на имотот на стечајниот должник по електронски пат, продажбата секогаш се врши

**Студија на случај бр. 18**

До Основен суд Тетово од страна на предлагачот –доверител А Б ДОО од Тетово поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот К и К ДООЕЛ од Тетово

На одржаното рочиште за изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка Привремениот стечаен управник предложил да се отвори стечајна

постапка над имотот на должникот од причина што исполнети се законските услови од Законот за стечај за отварање на стечајна постапка

Должникот се согласил со предлогот .

Должникот има имот кој може да биде предмет на впаричување .

Стечајниот судија донел: решение за отварање на стечајна постапка со кое именувал стечаен управник .

Во време на отварање на стечајната постапка должникот како тужител води парници пред истиот суд заради наплата на парични побарувања од негови должници.

1.За продажбата на имотот во отворената стечајна постапка стечајниот управник објавува оглас, со кој

2.Парниците кои што во времето на отворањето на стечајната постапка биле во тек за имотот на стечајниот должник кој влегува во стечајната маса, ќе ги преземе

3. Стечајниот судија со решението за отворање на стечајна постапка:

**Студија на случај бр. 19**

Тужител: Трговско Друштво во стечај

Тужен: поранешен управител на тужител

Основ: надомест на штета од управител по основ на ЗТД

Фактичка состојба

Тужител изградил објект- зграда.

Тужителот при изведување на градбата не водел градежен дневник, не изготвил градежни книги нити градежни ситуации. По завршување на градбата тужителот не го повикал тужениот долгот да го плати,

Стечајниот управник по отварање на стечајната постапка утврдил дека тужителот нема писмена документација потребна за поднесување тужба за долг спрема инвеститорот , ниту други докази за да бара наплата на извршената услуга и цена поради што тужителот трпи штета во износ од 1.999.999,00 ден. .

Тужениот како управител на тужителот во време на градбата, не побарал тужителот како изведувач на градбата со инвеститорот да склучи писмен договор за градење, не барал да се води градежен дневник, да се изготват градежни книги и градежни ситуациии во кои ќе бидат евидентирани количините на потрошените материјали , работната рака и времето на вршење на работите.

1. Дали тужениот како управител на тужителот во време на извршените работи ги водел работите како совесен и уреден трговец
2. Каква одлука ќе донесе судот
3. Управителот на трговско друштво